# ПОЛИТИКА
## ЗА МОДЕРНО РОПСТВО

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

# ПОЛИТИКА
## ЗА МОДЕРНО РОПСТВО

---

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

*Здравјето пред сè*

Врз основа на член 119 од Статутот на АЛКАЛОИД АД Скопје, на предлог на Надзорниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, а во согласност со член 203 и со член 204 од Статутот, Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, на седницата одржана на 26.4.2024 година, ја донесе следната

# ПОЛИТИКА ЗА МОДЕРНО РОПСТВО[1]

## Вовед

Модерното ропство е кривично дело и претставува кршење на основните човекови права. Тоа има различни форми, како на пример принудна работа, должничко ропство, трговија со луѓе, принудна работа од затвореници и други форми на трудова експлоатација, за кои заедничко е лишувањето од слобода на едно лице од друго за да се искористи за лична или за комерцијална корист.

Во согласност со оваа Политика, под принудна работа, како форма на модерното ропство, се опфаќа целата работа или услуга што се бара од кое било лице под закана од казна и за која лицето не се понудило доброволно.

Принудната работа не е ограничена само на ситуации кога работникот бил принуден со насилство или со заплашување. Таа, исто така, вклучува посуптилни средства за контрола, вклучувајќи измама, манипулација со долг, задржување на платата или на документите за лична идентификација, закани за пријавување до официјалните власти или експлоатација на ранливоста поради моќ и нерамнотежа на страните.

Оваа Политика се заснова на домашното законодавство, како и на фундаменталните конвенции на Меѓународната организација на трудот (МОТ): Конвенцијата за принудна работа од 1930 година (бр. 29) и Конвенцијата за укинување на принудната работа од 1957 година (бр. 105).

Оваа Политика се однесува на сите лица кои работат за нас или во наше име во кое било својство, вклучувајќи ги и вработените на сите нивоа, раководните лица, ангажираните лица, добавувачите, волонтерите и практикантите.

## Цели на Политиката

Нашата основна цел и императив во нашето работење е гаранцијата дека сите наши вработени и деловни соработници се свесни за нашата нулта толеранција за модерно ропство и за трговија со луѓе и строго забранува каква било принудна работа.

АЛКАЛОИД се спротивставува на која било форма на модерно ропство и на трговија со луѓе, вклучувајќи ги и принудниот и детскиот труд, принудната работа од затвореници, но и која било форма на дискриминација. Почитувањето на човековите права е етичка обврска, фундаментална вредност и основен предуслов за секоја наша соработка.

Ние се стремиме кон тоа нашите принципи за забрана на модерното ропство и на принудната работа содржани во оваа Политика да им ги пренесеме и на нашите добавувачи, за тие да бидат почитувани и исполнети во нивното деловно работење.

## Нашиот пристап

Ние во АЛКАЛОИД АД Скопје (во натамошниот текст АЛКАЛОИД) сме посветени на тоа да дејствуваме етички и со интегритет во нашите деловни зделки и односи и да го спречиме модерното ропство во нашето работење.

Ние во АЛКАЛОИД гарантираме дека сите наши вработени работат доброволно за нас и дека не се вработуваат по пат на закана или заплашување.

Исто така, вработените можат доброволно да го прекинат работниот однос по доставено писмено барање за престанок на работниот однос во определен временски рок предвиден во договорот за вработување.

## Механизми за пријавување

АЛКАЛОИД ги охрабрува своите вработени и сите засегнати лица, доколку имаат прашања за применувањето на оваа политика или доколку имаат сознание за нејзино прекршување, да пријават до:

1. линискиот менаџер;
2. втората линија на менаџментот;
3. платформата AlkaSpeakUp, поставена на интернет-страницата на АЛКАЛОИД (www.alkaloid.com.mk), која дава можност за анонимно пријавување;
4. офицерот за корпоративна усогласеност (complianceofficer@alkaloid.com.mk или на телефонскиот број +38972918245).

Постапката за повреда на принципите од оваа политика е според однапред утврдени правила и по спроведена истрага од надлежните тела во компанијата, а утврдените повреди на принципите од оваа Политика се санкционираат од АЛКАЛОИД во согласност со Кодот за етичко и деловно однесување и со релевантните внатрешни акти на компанијата.

АЛКАЛОИД цврсто се заложува и го застапува принципот за забрана на реваншизмот (*non-retribution* и *non-retaliation*), кој е превиден со Кодот за етичко и деловно однесување и со другите внатрешни акти на компанијата. Имено, секој оној кој ќе пријави повреда на оваа политика нема да трпи никакви негативни последици врз својот статус на вработување или врз другите загарантирани права и привилегии, доколку ја пријавил повредата со добра намера.

## Примена на политиката

Оваа Политика се применува во сите капитално поврзани друштва на АЛКАЛОИД во државата и во странство.

[1] Оваа верзија на Политика за модерно ропство на АЛКАЛОИД АД Скопје е во формат и дизајн за потребите на запознавање на јавноста со истата. Официјалната верзија на Политиката се чува во неговото седиште.

**АЛКАЛОИД АД Скопје**

Бул. Александар Македонски 12, 1000 Скопје,
Република Северна Македонија

**www.alkaloid.com.mk**

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ